**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-767**
**04.05. 2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор (коригиран) бр.10-3191/1 од 30.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, согласно Овластувањето бр.02-3154/1 од 28.04.2015 година, овластеното лице од Директорот на Агенцијата на ден 04.05.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, заради извршена повреда на член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 146 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмскиот сервис на Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, во неделата од 13 до 19 април 2015 година, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не обезбедиле соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор (коригиран), бр.10-3191/1 од 30.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 30 април 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмскиот сервис на Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, емитуван од 13 до 19 април 2015 година, при што констатираше прекршување на член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казниво по член 146 од истиот Закон. Имено, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, емитуваше најмалку половина од неделната обврска за музика (најмалку 4 часа), односно емитуваше вкупно 4 часа 47 минути и 47 секунди музика, но не била испочитувана обврската за процентуална распределба на музиката на народна и забавна (најмалку 2 часа народна и најмалку 2 часа забавна музика). Во овој временски интервал биле емитувани 3 часа 19 минути и 40 секунди забавна музика и 1 час 28 минути и 7 секунди народна музика. Со дозволеното отстапување од 5% во однос на распределбата на забавната и народната музика, утврдено во член 92 став 4 од Законот, а разработено во член 9 став 2 од Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, отстапувањето во распределбата меѓу народната и забавната музика може да биде 12 минути. На програмскиот сервис ТВ 24 ВЕСТИ било констатирано поголемо отстапување во однос на застапеноста на народната музика. Со дозволеното отстапување таа можела да биде застапена со 1 час и 48 минути, а била застапена со 1 час 28 минути и 7 секунди.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор (коригиран), бр.10-3191/1 од 30.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор (коригиран), бр.10-3191/1 од 30.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, овластеното лице од директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

____________________
**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор (коригиран), бр.10-3191/1 од 30.04.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ" ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузното друштво „24 ВЕСТИ" ДООЕЛ Штип;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.